1) д-р Ментор Зеќири – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2) Јован Грповски – Министерство за здравство.
3) Даниела Камчева – Министерство за животна средина и просторно планирање.
4) Блажо Јаневски – Агенција за храна и ветеринарство.
5) Биљана Талевска – Државен инспекторат за земјоделство.
6) д-р Силвана Манасиевска - Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје – Институт за храна.
7) д-р Биљана Кузмановска – Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје – Институт за фитомедицина.
8) д-р Весна Крстевска – Институт за тутун – Прилеп.
9) д-р Гордана Глаткова – Земјоделски институт – Скопје.
10) д-р Марина Стефова – Природно-математички факултет -Скопје – Институт за хемија.
11) д-р Валентина Славевска Стаменковиќ – Природно- математички факултет - Скопје – Институт за биологија.
12) д-р Весна Рафајловска – Технолошко – металуршки факултет -Скопје.
13) д-р Атанас Кочов – Машински факултет – Скопје.
14) д-р Кирил Сотировски – Шумарски факултет – Скопје.
15) д-р Емилија Арсова – Земјоделски факултет – Штип.
16) д-р Алирами Салији – Државен универзитет во Тетово и
17) д-р Слободан Банџо – Здружение на заштитари на Македонија.

Член 3

Претседател на Комисијата е претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во случај на негово отсуство со Комисијата раководи заменик претседател кој е претставникот од Државниот инспекторат за земјоделство.

Член 4

Комисијата ги врши следните работи:
- изработка на Националниот акциски план и
- следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план.

Член 5

Административно - техничките работи и координацијата со работата на Комисијата ги врши Фитосанитарната управа.

Член 6

За својата работа Комисијата донесува Деловник за работа.

Член 7

Комисијата за својата работа доставува годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во наредната година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2245/3
28 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**927.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ**
**ЗА 2023 ГОДИНА**

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2023 година.

Потребните средства за реализација на оваа програма се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и изнесуваат 58.651.000,00 денари од кои 14.159.000,00 денари на сметка 637, 40.500.000,00 денари на сметка 631, 1.992.000,00 денари на сметка 787, 2.000.000,00 на сметка 785 и истите се планирани во Буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот, категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 - капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 од оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот, и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменети вкупно 10.559.000,00 денари, и тоа за:

1. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Истанбул, Мадрид, Берлин, Белград, Тирана и други, како и учество и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од областа на туризмот во странство и во Република Северна Македонија, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија;
се наменуваат 4.850.000,00 денари.

2. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во земји кои се примарен пазар, и тоа Србија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Турција, како и во земји кои се секундарен пазар и тоа Словенија, Италија, Грција, Шпанија, но и во Република Северна Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:
- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери
се наменуваат 3.200.000,00 денари.

3. Хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал веб страницата www.northmacedonia-timeless.com, како и хостинг поддршка и одржување на веб страницата www.tourismmacedonia.gov.mk;
се наменуваат 150.000,00 денари.

4. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ;
се наменуваат 300.000,00 денари.

5. Печатење на промотивен материјал (брошури, водичи, флаери, мапи, визит картички и слично);
се наменуваат 800.000,00 денари.
6. Дизајн и изработка на ситен промотивен материјал (пенкала, чаши, USB, беџови, тефтери и друго) за промотивни туристички цели со цел промоција на Република Северна Македонија како туристичка дестинација;
се наменуваат 59.000,00 денари.
7. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на туристичка брошура со печатена подготовка на фото брошура. Фото брошурата ќе биде една од главните промотивни алатки на Република Северна Македонија на социјалните медиуми, односно под одреден специфичен и карактеристичен хаштаг кој ќе биде активен на Инстаграм со користење на хаштаг #SafeLikeHome, #домасиедома, #alliNMacedonia, #domasiedoma, #askundsinështëpi. Тематските фотографии ќе прикажуваат различни перспективи на нашата земја, природни убавини, културни и традиционални настани и манифестации, луѓе, историја и се она што и дава оригинален и безвремен карактер на Република Северна Македонија;
се наменуваат 50.000,00 денари.
8. Продукција, дизајн и изработка на електронски изданија на туристички брошури со печатена подготовка, како и продукција на видео материјал за:
- верски туризам (манастири, цркви, џамии и др.) во Република Северна Македонија како туристичка дестинација согласно стратегијата за развој на верски туризам;
- еколошки одржлив туризам „Travel like a local“ во Република Северна Македонија;
- традиционални специјалитети кои се важен дел од понудата во регионите, со цел збогатување на туристичката понуда и зголемување на промоцијата на државата;
се наменуваат 950.000,00 денари.
9. Изработка на видеа за старите занаети и традиција во Република Северна Македонија, како сегмент од креативните индустрии поврзани со традициите, обичаите и идентитетската матрица на жителите во нашата држава, а чие што зачувување и одржување влијаат и врз збогатувањето на туристичката понуда и сегментот поврзан со културниот туризам;
се наменуваат 200.000,00 денари.
б) За активности за поддршка на туризмот се наменети вкупно 1.600.000,00 денари, и тоа за:
1. Продолжување на проектот „Поставување на туристички информативни знаци“. Овој проект е започнат во 2022 година. Со туристички патокази и знаци, така наречени кафени ознаки, ќе бидат означени неколку туристички атракции на потегот на новиот автопат Скопје – Штип, како и на новиот експресен пат Штип - Радовиш до Струмица, со цел поголема информираност на потенцијалните домашни и странски патници по овие патни правци;
се наменуваат 700.000,00 денари
2. Изработка на гастрономска карта со традиционални специјалитети кои се важен дел од понудата во регионите, со цел збогатување на туристичката понуда и зголемување на промоцијата на државата;
се наменуваат 300.000,00 денари
3. Проект „50 села, 50 приказни“, наменет за интегриран рурален развој кој ги таргетира селата со потенцијал за агротуризам, рурален туризам, социо - економски развој и културно наследство, а со цел нивна развојна компонента, промотивна можност и намалување на миграцијата. Проектот е повеќегодишен и развоен, и во оваа година како прва се предвидува теренско истражување за можностите за рурален туризам, селекција на изборот на 50 села и информирање на јавноста и Владата на Република Северна Македонија за понатамошно продолжување на проектот со финансиски импликации;
се наменуваат 50.000,00 денари
4. Проект „пет рути за верски туризам“, кој произлегува од Националната стратегија за верски туризам и се предвидува предлог и изработка на пет рути од верски карактер и предлог за нивна целосна употреба до туристичките агенции кои работат со дојдовниот туризам;
се наменуваат 50.000,00 денари.
5. Работилница и обуки за подигање на свеста за значењето на верскиот туризам, која произлегува од Националната стратегија за верски туризам и се предвидува одржување на една работилница и обуки со туристичкиот сектор и други чинители во туризмот;
се наменуваат 300.000,00 денари.
6. Проектот „Заштита на постоечките и обнова на старите занаети во функција на туризмот“. Проектот предвидува иницирање на креирање на чаршиски атрактивен простор каде се сконцентрирани занаетчии. Изработка на QR кодови и дигитална промоција на туристичката локација преку воведување на софтверски апликации за дигитални платформи;
се наменуваат 50.000,00 денари.
7. Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови;
се наменуваат 50.000,00 денари.
8. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони;
се наменуваат 50.000,00 денари.
9. Аплицирање на европски фондови, фондови од донаторски организации, национални програми и друго;
се наменуваат 50.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странски организиран туристички промет се наменети вкупно 42.500.000,00 денари и тоа, дел од сметка 637 во износ од 2.000.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 40.500.000,00 денари се обезбедуваат од сметка 631.

Член 4

Средствата во висина од 1.992.000,00 денари од сметка 787, се наменуваат за организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонскиот туризам во странство, како и реализација на проекти од Европската Унија и други меѓународни проекти кои се доделени на Агенцијата.

Член 5

Средствата во висина од 2.000.000,00 денари од сметка 785, се наменуваат за реализација на проектот „АБОВЕ“ кој е добиен како грант од ИПА 2 Компонентата за прекугранична соработка со Република Грција.

Член 6

За реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 7

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 8

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и за постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности, заклучно со 30 јуни 2024 година.

Член 9

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-739/9
28 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**928.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров со бр.41-439/8, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.40/23, направена е техничка грешка, поради што се дава

### И С П Р А В К А
### НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во текстот на Одлуката во членот 2 зборовите „ООУ „Мирче Ацев“ - Скопје, Општина Ѓорче Петров“, треба да се заменат со зборовите „ООУ „Страшо Пинџур“ – Скопје“.

Бр. 41-439/14
2 март 2023 година
Скопје

Од Владата на Република
Северна Македонија

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**929.**

Врз основа на член 26-а став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТАТА И АКТИВНОСТИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РУРАЛНА МРЕЖА, ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ, ВИСИНАТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО И ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и условите за финансирање на работата и активностите на Националната рурална мрежа, прифатливите трошоци, висината на финансирање и дополнителните услови.

Член 2

(1) Предлог активностите кои ги доставуваат членовите на Националната рурална мрежа согласно член 13 од Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 261/21 и 206/22), (во натамошниот текст: Уредбата), за да можат да бидат одобрени од страна на Управниот одбор на Националната рурална мрежа треба:

- предлог активноста да трае најмногу три дена;
- предлог активноста не треба да биде финансирана од други извори на финансирање и
- стручните лица кои се ангажирани за спроведување на активноста треба да имаат завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството, од кои главните стручни лица (обучувачи, предавачи и/или изговувачи) треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија или шумарството, а помошно-стручните лица (асистенти) да имаат најмалку две години работно искуство од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија или шумарството.

(2) Предлог активностите од став (1) на овој член можат да бидат:

1) Настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кои се организираат и траат најмногу три дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми);

2) Истражувања, анализи и студии од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството;

3) Изготвување и печатење на промотивен материјал (каталог, брошура, рекламна табла, постер, промотивен пулт, УСБ флеш уред за снимање на содржина, „roll up“ банер со конструкција и видео материјал) кој не е составен дел на активностите од точките 1), 2) и 4) од овој став и

4) Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони согласно член 2 став (1) алинеја 3 од Уредбата, и тоа на:

- саеми за земјоделство, рурален развој, прехрамбена индустрија и шумарство;
- настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции и симпозиуми) и
- посета на стручни установи и/или институции поврзани со земјоделство, рурален развој, прехранбена индустрија и шумарство.

(3) Планираниот почеток за спроведување на предлог активноста треба да биде 30 дена по завршувањето на рокот за поднесување на предлозите од член 13 став (1) од Уредбата, а завршувањето на спроведувањето на активноста треба да биде најдоцна до 31 декември во наредната година.

(4) Бараниот износ на финансиски средства за реализација на одобрените активности не може да биде понизок од 60.000 денари, ниту повисок од 2.500.000 денари (со вклучен ДДВ).

(5) Понудите по одобрената активност согласно Уредбата не треба да бидат постари од денот на известувањето на членовите на Националната рурална мрежа за доставување на предлог активности (со назначен датум за важење на понудата).